Архивски број: 08-426/3
16-11-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 426 од 19.08.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 16.11.2022 година, го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

СЕ ОТФРЛА претставката бр. 08 – 426/1 од 19.08.2022 година, поднесена од [redacted] ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.

## О б р а з л о ж е н и е

На 19.08.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted]
Од причина што претставката не содржеше доволно податоци за лицето против кое беше поднесена, на 2.09.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја наведе личната адреса на лицето против кое ја поднесува претставката.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Подносителот на претставката во предвидениот законски рок не достави поднесок за доуредување на претставката. Следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката поради неуредност.

Скопје
16.11.2022 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]